# ЗАЛОЖБА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА

1 Ние од нашите корисници ги собираме само најнеопходните лични податоци и ги чуваме и ги обработуваме во согласност со Законот за заштита на лични податоци на Република Македонија.

2 Ние не собираме лични податоци (име, презиме, контакт-информации) за Вас преку интернет, освен доколку не одлучите доброволно да ни ги дадете преку е-пошта или веб-коментари.

3 Ние јасно објаснуваме кои видови податоци ги собираме и за што сè се користат.

4 Како наши корисници, Вие имате право на увид, ажурирање, коригирање и на бришење на Вашите лични податоци во согласност со целите заради кои биле собрани или обработени.

5 Вие во секое време имате право да побарате да престанеме да Ви праќаме пораки и новости по е-пошта, како и трајно да ја избришеме Вашата адреса од нашите бази на податоци.

6 Ние никогаш не ги продаваме, изнајмуваме или споделуваме личните податоци на трети страни, доколку тоа не е потребно за извршување некоја услуга која Вие ќе ја побарате или без Ваша експлицитна дозвола.

7 Доколку користиме надворешна компанија за обработка на личните податоци на нашите корисници, задолжително применуваме систем за енкрипција и сигурносни сервери, а притоа податоците не се задржуваат, споделуваат, чуваат или користат за други цели.

8 Вашите лични податоци ги откриваме на трети лица само во случаи кога тоа се бара според закон или е потребно при судска постапка врз основа на судски налог.

9 Заштитата на безбедноста и приватноста на децата е посебно важна за нас. Затоа јасно ги означуваме информациите и услугите што ги нудиме, а чие користење е забрането за лица помлади од 18 години.

10 При објавување содржини на интернет, ние се раководиме според процедури засновани на Законот за заштита на лични податоци на Република Македонија и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, кои се објаснети во јасна и разбирлива Политика за приватност.

МЕТАМОРФОЗИС
www.metamorphosis.org.mk

ДЗЛП
Дирекција за заштита на личните податоци на Република Македонија
www.dzlp.mk

Поддржано од ФИООМ